03-234/4
09.09. 22

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 41 седница одржана на 12.07.2022 година, донесе

# **РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Настава по јазик“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола**

1. Се акредитира студиската програма „Настава по јазик“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2022/2023 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на наставата по јазик/во меѓународен промет академски назив: Doctor in teaching language and literature.

4. Научно - истражувачко подрачје: 6 Хуманистички науки.
Научно – истражувачко поле: 604 Наука за јазик, 612 Наука за книжевност
Научно – истражувачка област: 64000 Македонистика, 64004 Англистика, 50504 Методика.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Даниела Андоновска Трајковска, проф. д-р Виолета Јанушева, проф. д-р Ирина Петровска, проф. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 01-354/3 од 03.12.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Настава по јазик", трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски" Битола, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08 - 1050/2-3 од 09.12.2020 година (наш бр. 08 - 284/1 од 10.12.2020 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 10-та седницата одржана на 28.12.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 284/3 од 01.08.2022 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 41-та седница одржана на 12.07.2022 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова